CFRR Centre for Financial Reporting Reform
WORLD BANK GROUP

STAREP

REPARIS FOR SMEs



# Известување за корпоративната одржливост и подобра транспарентност – нови случувања во ЕУ

30-31 март 2022 година, онлајн

# Известување за корпоративната одржливост и подобра транспарентност – нови случувања во ЕУ

30-31 март 2022 година, 13.00 средноевропско време, онлајн

## ПРЕДГОВОР

Со правилата за известување предвидени со директивата за нефинансиско известување 2014/95/ЕУ[1] (НФРД) се утврдуваат значајни принципи за одредени големи компании за поднесување на годишни извештаи со информации за одржливоста. Се утврдува „гледиштето на двојна материјалност“ што значи дека компаниите треба да известуваат за тоа како прашањата за одржливоста влијаат на нивната дејност, како и за нивното сопствено влијание врз луѓето и животната средина.

Со дополнителните консултации спроведени од страна на Европската комисија (ЕК) беше утврдени дека многу од чинителите сакаат барањата за известување да бидат проширени и да бидат опфатени дополнителни категории на компании. Со предложените промени се проширува опфатот на постоечките барања за да се вклучат сите големи компании без оглед на тоа дали котираат на берза или не и без постоење на претходниот праг од 500 вработени. Овие промени значат дека сите големи компании се отчетни пред јавноста за своето влијание врз луѓето и животната средина. Исто така, на овој начин се дава одговор барањата од инвеститорите за информации за одржливоста од овие компании.

Освен тоа, со предлогот се предвидува со проширувањето на опфатот да бидат вклучени и котираните мали и средни претпријатија (МСП-, освен котираните микро претпријатија. За потребите на заштита на инвеститорите, особено е важно инвеститорите да имаат пристап до соодветни информации за одржливоста од котираните компании. Освен тоа, доколку котираните МСП не доставуваат информации за одржливоста, тогаш може да се најдат во ситуација да бидат исклучени од инвестициските портфолија. Ваквиот ризик станува сѐ поголем со зголемувањето на важноста на информациите за одржливост во рамките на целокупниот финансиски систем.

Овој вебинар има за цел (i) да ги информира сметководствените и ревизорските регулатори за најновите случувања во однос на предложените измени поврзани со корпоративното известување за одржливост, (ii) да појасни што таквиот предлог би значел да помалите компании и (iii) да обезбеди информации за новите стандарди на ЕУ за известувањето за одржливоста кои треба да ги развие Европската советодавна група за финансиско

[1] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A32014L0095

известување (ЕФРАГ). Освен тоа, учесниците ќе бидат информирани и за функционирањето на Единствениот европски електронски формат.

На крајот, учесниците ќе бидат информирани и за обемот на документот од дискусијата насловена *„Подобри информации за нематеријални средства" – Кој е најдобриот начин?* објавен од страна на ЕФРАГ со цел да поттикне поднесување на коментари.

Виртуелната работилница е спроведена во рамките на две главни програми на Центарот за реформи на финансиското известување (ЦФПР) на Светска банка: Зајакнување на ревизијата и известувањето во источното партнерство (**СТАРЕП**) и Патот кон Европа: Програма за сметководствена реформа и институционално зајакнување за мали и средни претпријатија (**РЕПАРИС за МСП**).

СТАРЕП е регионална програма за земјите од Источното партнерство која започна да се спроведува во октомври 2013 година и се очекува да се спроведува до 2022 година со помош на дополнително финансирање обезбедено од страна на Австриската развојна агенција.

РЕПАРИС за МСП е сеопфатна програма за регионален развој на капацитетите за земјите од регионот Западен Балкан. Има за цел подобрување на пристапот на МСП до професионални услуги за сметководство и за финансиско управување и поддршка за усогласување на националните рамки за корпоративно финансиско известување со соодветните директиви и регулативи на Европската унија. Програмата е финансирана од страна на ЕУ.

## АДМИНИСТРАТИВНИ АРАНЖМАНИ

- Настанот ќе се одвива на **англиски јазик** и **ќе биде обезбеден симултан превод.**
- **Приклучете се на состанокот** на платформата ЗУМ така што ќе кликнете на линкот во електронската покана или со внесување на бројот на состанокот и лозинката дадени во поканата.
- **Поврзете се 15 минути пред настанот** за да проверите дали сте добро поврзани и внесете го вашето име и презиме.
- **Ве молиме вашиот микрофон нека биде исклучен постојано,** освен кога модераторот ќе ви даде збор.

# АГЕНДА | ДЕН 1 | СРЕДА, 30 МАРТ 2022 ГОДИНА | 13.00

**13.00** **Воведни зборови**

Добредојде и краток вовед во темата и претставување на говорниците

**Ден Бојс** | Раководител на праксата, глобална пракса за управување, Светска банка

**13.05** **Известување за корпоративна одржливост: предложени измени**

Целта на оваа сесија е да се образложи зошто постои потреба за прегледување на директивата за нефинансиско известување (НФРД) и да се даде преглед на предложените измени поврзани со известувањето за корпоративната одржливост. Исто така ќе биде образложено како барањата за известување предвидени со овој предлог се однесуваат на МСП и кои би биле новите ревизорски барања во однос на информациите за одржливост.

По презентацијата ќе следи сесија со прашања и одговори.

**Свен Гентер** | ДГ финансиска стабилност, Финансиски услуги и унија на пазари на капитал, Европска Комисија
Модератор: **Гарик Сергејан** | Виш специјалист за финансиско управување, Светска банка

**14.20** **Пауза**

**15.00** **Нови стандарди на ЕУ за известување за одржливост**

Целта на оваа сесија е да се дискутира за тоа како и кој ќе ги развие новите стандарди на ЕУ за известување за одржливоста и како стандардите на ЕУ за известување ќе се вклопат во светските стандарди, особено стандардите кои ги планира Меѓународната фондација за стандарди за финансиско известување.

По презентацијата ќе следи сесија со прашања и одговори.

**Саскиа Слопм** | Генерале директор, Европска советодавна група за финансиско известување
Модератор: **Андреј Бусуиок** | Виш специјалист за финансиско управување, Светска банка

**16:30** **Завршување на ден 1**

# АГЕНДА | ДЕН 2 | ЧЕТВРТОК, 31 МАРТ 2022 ГОДИНА | 13.00

## 13.00 Единствен европски електронски формат

Од 1 јануари 2020 година издавачите на регулираните пазари на ЕУ треба да ги подготвуваат своите годишни финансиски извештаи во електронска форма. Регулативата за Единствениот европски електронски формат (ЕЕЕФ) предвидува обврска за сите издавачи на хартии од вредност кои котираат на регулираниот пазар на ЕУ да ги изготвуваат своите годишни финансиски извештаи во xHTML и да ги означат консолидираните финансиски извештаи изготвени согласно ИФРС со ознаки XBRL со помош на технологијата iXBRL. Во текот на оваа сесија учесниците ќе бидат запознаени со барањата, предизвиците при спроведувањето и влијанието на Единствениот европски електронски формат. По презентацијата ќе следи сесија со прашања и одговори.

**Едуардо-Хавиер Морал Прието** | Европски орган за хартии од вредност и пазари

Модератор:

**Ивона Варжека** | Виш специјалист за финансиско управување, Светска банка

## 14.15 Пауза

## 14.50 Подобри информации за нематеријалните средства

Целта на оваа сесија е да се информираат учесниците за клучните прашања во врска со тековните информации за нематеријалните средства и да се даде преглед на прашањата предвидени во документот од дискусијата насловена „Подобри информации за нематеријални средства“ – Кој е најдобриот начин? Објавен од страна на ЕФРАГ. Во документот од дискусијата се разгледани различни пристап за подобрување на информациите за нематеријалните средства во финансиските извештаи и побарани се коментари до 30 јуни 2022 година.  Поради тоа, земјите учеснички би можеле да ја разгледаат можноста за давање на консолидирани коментари. По презентацијата ќе следи сесија со прашања и одговори.

**Кјара Дел Прете** | Претседавач со ТЕГ за финансиско известување, Европска советодавна група за финансиско известување

**Расмус Сомер** | Виш технички директор, Европска советодавна група за финансиско известување

Модератори:

**Гарик Сергејан** | Виш специјалист за финансиско управување, Светска банка

**Светлана Платон** | Консултант, Светска банка

**16.20** **Завршни зборови**

**Ден Бојс** | Раководител на праксата, глобална пракса за управување, Светска банка

**16.30** **Завршување на вебинарот**

STAREP
е кофинансиран од

AUSTRIAN
DEVELOPMENT
COOPERATION

Federal Ministry
Republic of Austria
Finance

REPARIS FOR SMEs
е финансиран од

European Union